„Борете се против многубошците со вашите имоти, животи и јазици.“

Енес, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Борете се против многубошците со вашите имоти, животи и јазици.“

[صحيح] [رواه أبو داود والنسائي وأحمد]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, наредил џихад против неверниците и вложување напор во соочување со нив со сите можни средства, според можностите, за да биде Аллаховиот збор возвишен. Ова вклучува: Прво: Трошење на имотот за џихад против нив – како набавка на оружје, финансиска поддршка за борците и слични потреби. Друго: Личното учество во борбата со душата и телото, преку излегување на бојното поле и соочување со непријателот. Трето: Повик кон исламот со збор преку јасно објаснување на вистината, воспоставување доказ против нив и одговор на нивните заблуди.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/64597